Бр./Nr 12-2138/2

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

03-02-2022 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 60-та седница, продолжение одржано на 31.01.2022 година ја донесе следната

Пријавата заведена под број 12-2138/1 од 09.06.2021 година, против непознат сторител, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување поради тоа што станува збор за наводи по прашања поврзани со надлежно постапување на друг надлежен орган кој постапил во конкретниот случај.

Предметот со број 12-2138/1 од 09.06.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Од страна на познат подносител, на ден 09.06.2021 година, поднесена е пријава против непознат сторител и оформен е предмет број 12-2138/1 од 09.06.2021 година.

Во пријавата подносителот наведува дека пред да се направи пресметка на неговата старосна пензија некој интервенирал во евиденцијата на регистрирани податоци на --------- при што во тековната 1992 година му биле одземени 1000000 денари. Пријавителот појаснува дека начинот на кој му биле одземени овие пари упатува на криминално и коруптивно дејствие. Понатаму истиот наведува дека доставил жалби до второстепен орган – Државната комисија за жалби и до Управниот суд Скопје, но истите жалби биле одбиени како ненавремени.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата станува збор за наводи по прашања поврзани со надлежно постапување на друг надлежен орган, кој постапил во конкретниот случај, по што оцени дека нема надлежност за постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: С.М -Виш соработник
Одобрил: СПД – Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Горан Трпеноски**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk